**SWIS-H**
STATEWIDE INFANT
SCREENING - HEARING



# ЗОШТО НА МОЕТО БЕБЕ МУ Е ПОТРЕБНА ПОВТОРНА ПРОВЕРКА НА СЛУХОТ?

На многу бебиња  е потребно повторно да им се провери слухот.

Тоа не мора да значи дека вашето бебе има оштетен слух. Можеби има други причини за втора проверка.

Најчесто, потребно е повторно да се провери слухот заради тоа што после раѓањето, во увото бебето има течност или тоа е затнато.

Во многу случаи, слухот на бебето повторно ќе биде проверен пред да бидете отпуштени од болница со вашето бебе.

Ако проверката не може да се направи  додека вие и вашето бебе престојувате во болница, ќе ви понудат да направите повторна проверка на слухот на вашето бебе како надворешен пациент или во локална установа во заедницата, набрзо после отпуштањето од болница.

Лицето што ви ја даде оваа брошура, ќе ви каже кога и каде ќе се направи повторната проверка на слухот.

## РЕЗУЛТАТИ

Веднаш после проверката ќе ви ги објаснат резултатите, тие ќе бидат заведени во Личната здавствена книшка (сината книшка) на вашето бебе.

Ако резултатите од повторната проверка на слухот не се јасни, ќе добиете упат да отидете со вашето бебе кај аудиолог, кој ќе направи дијагностичка проверка на слухот.  Аудиолог е сепцијалист за проверка на слухот.

Важно е колку што е можно побрзо да се утврди колку добро слуша вашето бебе така да вие и вашето бебе да можете да добиете правилни информации и поддршка.

### ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ, ВЕ МОЛИМЕ ОТИДЕТЕ НА ДОЛУНАВЕДЕНИТЕ ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ:

http://www.health.nsw.gov.au/kids-families

**Податоци за локални контактни броеви / закажани прегледи**

За совети во врска со здравјето, контактирајте ги во *healthdirect Australia*
http://www.healthdirect.gov.au/
**1800 022 222**

NSW GOVERNMENT | Health

**Macedonian** - Why does my baby need a repeat hearing screen?

© NSW Health September 2016   SHPN (NKF) 150199